Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

11.09, 2026 година

Архивски број : 67-5379/10

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 - трансформаторска станица ТС 20(33)/110kV ФЕЦ Неготино на дел од КП 3038/24, КО Неготино општина Неготино

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 - трансформаторска станица ТС 20(33)/110kV ФЕЦ Неготино на дел од КП 3038/24, КО Неготино општина Неготино, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје со тех. бр. 482/25 од август 2026 година, аплициран во информацискиот систем „е-урбанизам" со број на постапка 81898.

Јавниот увид ќе трае 7 дена односно од 15.09.2026 до 21.09.2026 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите:

vesna.markovska@mtc.gov.mk и

sanja.malevska@mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Подготвил: Сања Малевска Мурџевска, диа
Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на простор


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk